# Жената на прозорецот

## А.Џ. Фин

Ако и ти сакаш книги...

**ИЗДАВАЧКА КУЌА САКАМ КНИГИ**

*www.sakamknigi.mk*

**На светот има толку многу книги, а толку малку време...**

Строго избрани одлични наслови за сите кои сакаат книги со уникатни приказни достојни за нивното време...

---

**Наслов на оригиналот**

The woman in the window
© A.J Finn, 2018

**Copyright © за македонското издание**

Издавачка куќа Сакам книги, 2018 во договор со Curtis Brown

**Издавач** Издавачка куќа Сакам Книги
**Преведувач** Ивана Спасев
**Лектор** Марија Иванова
**Главен уредник** Ивана Спасев
**Компјутерска обработка** Деана Николовска
**Дизајн на корица** Диме Спасев

**Печатење** Графостил - Скопје, 2018
**Тираж** 1000 примероци

---

*Сите права за книгата се задржани. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во која било форма или на кој било начин во електронските или печатените медиуми, без согласност од издавачот.*

# Жената на прозорецот

А.Џ. Фин

сакам книги

Ако и ти сакаш книги...

# За Џорџ

Имам некое претчувство дека некаде внатре во тебе има нешто за кое не знае никој.

*- Грам сомнеж (1943)*

## Недела, 24-ти октомври

## Прва глава

Маж ѝ е скоро дома. Овој пат ќе ја фати.

Во куќата број 212 нема ни завеси, ни ролетни - тоа е онаа црвената од цигла каде што едно време живееше младиот брачен пар Мот, сѐ додека не се разведоа пред некој месец. Никогаш не ги запознав ни мажот, ни жената Мот, но повремено ги проверувам на интернет: неговиот профил на ЛинкдИн, нејзината страница на Фејсбук. Нивниот регистар за свадбени подароци во Мејсис. Сѐ уште би можела да им купам нешто за дома.

Како што реков: нема ниедна завеса. Па куќата број 212 зјапа кон улицата и јас зјапам во неа, гледајќи ја домаќинката на куќата како го води мајсторот кон гостинската спална соба. Што е проблемот со таа куќа? Имам чувство дека е место каде што љубовта оди да умре.

Таа е прекрасна, природна црвенокоса, со дреч зелени очи како трева и архипелаг од минијатурни бемки на грбот. Многу поубава од нејзиниот сопруг, доктор Џон Милер, психотерапевт - да, нуди советување за парови - и еден од 436.000 Џон Милеровци на интернет. Овој конкретен поединец работи во близина на паркот Грамерси и не работи со сини картони. Според имотниот лист, платил 3,6 милиони за куќата. Работата мора да му оди добро.

Може да се каже дека за жена му знам и повеќе и помалку од тоа. Очигледно не е голема домаќинка; тие се вселија пред осум недели, а прозорците сепак сѐ уште се голи, *џџџ*. Таа вежба јога трипати неделно и веројатно волонтира некаде затоа што во понеделниците и петоците излегува од дома околу единаесет, отприлика во истото време кога јас станувам од спиење, и се враќа околу пет и пол, кога јас се подготвувам за гледање филм. (Изборот

за вечерва ми е: *Човекот кој знаеше премногу,* по не знам кој пат. Јас сум жената која има изгледано премногу филмови).

Сум забележала дека таа сака да се напие нешто попладне, исто како и јас. Дали сака пијалак и наутро? Исто како јас? Но нејзината возраст ми е мистерија, иако дефинитивно е помлада од доктор Милер и малкуцка помлада од мене. Името не ѝ го знам.

Нејзиното бледо тело е слабо, нејзините плешки како закржлавени крилја, градите ѝ ги стега светлосин градник: го вртам погледот секогаш кога било која од нив ќе ми влезе во кадарот на леќата затоа што не сум заинтересирана за нејзините гради, туку за животот што го води. Животите. Два повеќе отколку што имам јас.

Маж ѝ свртe на аголот пред малку, не долго откако жена му ја затвори влезната врата од куќата, а изведувачот што им реновира дома влезе по неа. Ова е отстапка: иако сега е пладне, доктор Милер во неделите секогаш се враќа дома во 15.15. Без исклучоци.

А сепак добриот доктор сега оди по тротоарот, ја ниша актовката во десната рака, истата рака на која му светка бурмата. Зумирам кон неговите стапала: кожни исполирани чевли од кои се одбива есенското сонце.

Го кревам апаратот кон неговата глава. Мојот Никон Д550 не може да пропушти многу, особено не со објективот Оптека: виткана малку мрсна коса, евтини очила за гледање, подникната брада во плитките езерца на неговите образи. Подобро се грижи за чевлите отколку за своето лице.

Повторно се враќам на број 212, каде Рита и изведувачот набрзина се соблекуваат. Би можела да свртам на домашниот број, да ја предупредам. Но нема да го направам тоа. Ова е како набљудување и фотографирање на природата: не се мешаш во дивиот свет.

Мислам дека доктор Милер е на половина минута од влезната врата. Устата на жена му се спушта на вратот на изведувачот. Ја соблекува блузата.

Уште четири чекори. Пет, шест, седум. Сега има уште најмногу дваесет секунди.

Таа му ја фаќа вратоврската со заби, му се клешти. Почнува да му ја откопчува кошулата. Тој ѝ го грицка увото.

Маж ѝ прескокнува една дупка на тротоарот. Петнаесет секунди.

Речиси можам да го чујам звукот кога нагло му ја повлекува вратоврската од јаката и ја фрла на другиот крај на собата.

Десет секунди. Повторно зумирам. Докторот ја става раката во џебот, вади купче клучеви. Седум секунди.

Таа ја одврзува косата, ѝ паѓа на рамениците.

Три секунди. Тој се качува по скалите.

Таа ги замотува рацете околу грбот на изведувачот. Длабоко го бакнува.

Тој го става клучот во бравата. Врти.

Го зумирам нејзиното лице, нејзините очи се ококоруваат. Го слушна. Фотографирам.

И тогаш му се отвора актовката.

Куп листови паѓаат од неа и се разлетуваат на ветрот.

Го кревам апаратот кон доктор Милер, по устата му се гледа дека пцуе. Ја спушта актовката на прагот, нагазува на неколку од листовите, ги собира другите.

Таа набрзина ја облекува блузата, ја собира косата. Истрчува од собата. Изведувачот скока од креветот и си ја зема вратоврската, ја пика во џебот.

Јас издишувам иако не бев ни свесна дека сум го држела здивот.

Влезната врата се отвора; таа брзо се симнува надолу по скалите, извикува по маж ѝ. Тој се врти. Претпоставувам дека ѝ се насмевнува, но не можам да видам од оваа позиција. Таа застанува, клекнува, зема неколку листови од тротоарот.

Изведувачот се појавува на вратата, едната рака ставена в џеб, другата кренета во знак на поздрав. Доктор Милер му возвраќа на поздравот. Тој се симнува по скалите, ја крева актовката и двајцата мажи се ракуваат. Потоа влегуваат внатре, а таа ги следи.

Па... можеби следниот пат.

# Понеделник, 25-ти октомври

## Втора глава

Колата помина пред малку, смирено и полека, ги видов фаровите во мракот. „Нови соседи“, ѝ кажувам на ќерка ми.

„Која куќа?“

„Отспротива. Од другата страна на паркот. 207“. Ги гледам дека се надвор сега, бледи ми се како духови на зазорување, вадат кутии од багажникот.

Ја слушам дека џвака. „Што јадеш?“ ја прашувам. Знам дека денес е ден за кинеска храна, па претпоставувам дека јаде ло мејн.

„Ло мејн“.

„Ама не додека разговараш со мамичка“.

Таа повторно џвака. „*Ма-мо ма*“. За ова моментално се води војна меѓу нас; неодамна, против моја желба, почна да го крати тоа *мамичке* на обично, тапо *мамо*. „Батали, не ѝ врши притисок“, ме советува Ед - но тој уште е татичко.

„Оди поздрави ги“, предлага Оливија.

„Баш би сакала, мала“. Се качувам горе, на вториот кат, од каде што има подобар поглед. „Патем, веќе има тикви насекаде. Сите соседи имаат“. Стигнувам до одмориштето на скалите, со чаша вино во рака. „Посакувам да можев да одберам тиква за тебе. Кажи му на татко ти да ти купи“. Пивнувам, голтам. „Кажи му да купи две, една за тебе и една за мене“.

„Добро“.

Се погледнувам во темното огледало во малиот тоалет. „Среќна ли си, мила?“

„Да“.

„Не си осамена?“ Таа никогаш немаше вистински пријатели во Њујорк; беше премногу срамежлива, премногу мала.

„Не“.

Ѕиркам во темнината нагоре по скалите. Во текот на денот, влегува сонце од кровниот прозорец; ноќе е ширум отворено око што гледа во длабочините на скалите. „Ти недостига Панч?“

„Не“. Никогаш не го сакала мачорот многу. Ја изгреба за еден Божиќ, ѝ пушти две линии крв на зглобот и Ед за малку ќе го фрлеше од прозор. Го барам мачорот сега и го наоѓам стуткан на софата од библиотеката. Ме гледа.

„Дај да го слушнам татко ти, мала“. Се качувам на следниот кат.

„Еј, боксер“, ме поздравува тој. „Имаш нови соседи?“

„Да“.

„Па немаше сега скоро други нови соседи?“

„Тоа беше пред два месеци. 212. Милерови“. Вртам и се симнувам по скалите.

„А каде се овие другиве?“

„207. Отспротива. Од другата страна на паркот“.

„Соседството се менува“.

Стигнувам на одмориштето на скалите. „Не донесоа којзнае што со себе. Само една кола“.

„Можеби подоцна ќе дојде комбе со нивните работи“.

„Можеби“. Тишина. Пивнувам.

Сега повторно сум во дневната соба, покрај каминот. „Слушај...“ Почнува Ед.

„Имаат син“.

„Што?“

„Имаат син“, повторувам и го лепам челото за ладното стакло на прозорецот. Улицата слабо ја осветлуваат само месечината и ѕвездите во овој дел од Харлем, но сепак ги гледам силуетите: маж, жена и високо момче носат кутии кон вратата. „Тинејџер“, додавам.

„Полека, пазач“.

Пред да успеам да се исконтролирам, додавам, „Посакувам да бевте тука“.

Ова ме затекнува неподготвена. А очигледно и Ед. Некое време молчи, а потоа вели, „Ти треба повеќе време“. Јас молчам. „Докторите велат дека премногу контактирање не е здраво“.

„Јас сум докторката што го кажа тоа“.

„Ти си една од нив“.

Нешто пуцка зад мене - искра во каминот. Пламенот се смирува, мрморејќи зад решетката.

„А да ги поканиш тие нови луѓе кај тебе?“ вели.

Ја празнам чашата. „Мислам дека е доволно за вечерва“.

„Ана“.

„Ед“.

Речиси можам да го чујам како дише. „Жал ми е што не сме таму со тебе“.

Речиси можам да си го чујам срцето. „И мене“.

Панч ме следел до долу. Го земам со една рака и одам во кујната. Го оставам телефонот на работната маса. Уште една чаша пред легнување.

Фаќајќи го шишето за грлото, се вртам кон прозорецот, кон трите духа на тротоарот и наздравувам.

## Вторник, 26-ти октомври

## Трета глава

Ова време лани планиравме да ја продадеме куќата, имавме дури и ангажирано агент; Оливија требаше да се запише во ново училиште следниот септември, а Ед ни имаше најдено нова куќа во Ленокс Хил. „Ќе биде интересно“. Ми ветуваше. „Ќе ставам и биде, само за тебе“. Го плеснав по рамото кога го рече тоа.

„Што е биде?“ праша Оливија.

Но потоа си замина и таа замина со него, па повторно ми се вознемири срцето синоќа кога се присетив на првите зборови од нашиот мртвороден оглас: *ПРЕКРАСНО РЕНОВИРАНА ИСТОРИСКА КУЌА, БИСЕР ОД 19-ТИ ВЕК! ПРЕКРАСЕН СЕМЕЕН ДОМ! Не знам баш дали е бисер,* си мислам. Инаку да, од 19-ти век е. Лично можам да гарантирам дека е прекрасно реновиран, а и скап. И вистина е дека е прекрасен семеен дом.

Се состои од:

*Подрум:* или мини станче, според нашиот агент. Под нивото на улицата, со паркет, со сопствена врата; кујна, тоалет, спална соба, минијатурна работна соба. Беше работен простор на Ед осум години - ја покриваше масата со цртежи и скици, закачуваше контакти од изведувачи на ѕидот. Во подрумот моментално има кираџија.

*Двор:* малечок реално, се излегува само од приземјето. Има бекатон, две стари столчиња, едно старо дрво во аголот, толку исушено и осамено, како тинејџер без пријатели, што понекогаш ми доаѓа да го гушнам.

*Приземје:* или *premier étage,* за Французите. Јас не сум Французинка, но од јули почнав да учам француски на интернет. Тука има отворена кујна, врата што води

до дворот и странична врата од каде што се излегува во паркот. Под од бело дрво, на кој сега има барички од црвено вино. Од претсобјето се влегува во тоалет. И дневна соба, со гарнитура, масичка и персиски килим, ужасно мек под нога.

*Прв кат:* библиотеката (полни полици на Ед, правливи книги со испукани грбови натискани густо како заби). И работната соба (моја; штура, широка, десктоп компјутер на маса од Икеа - мое бојно поле за играње шах на интернет). Втор тоалет, син за разлика од црвениот на приземјето - нијансата се викаше *Рајски сина*, а тоа е прилично амбициозен израз за просторија каде што има тоалетна шолја. И огромен плакар што можеби еден ден ќе го пренаменам во темна комора, ако некогаш прејдам на фотографирање со филм. Мислам дека губам интерес.

*Втор кат:* главна спална соба и бања. Јас поминав голем дел од времето годинава во кревет; душекот е еден од оние на кои посебно можеш да одбереш степен на мекост за двете страни. Страната на Ед е ставена на најмекото, а мојата на најтврдото. „Ти спиеш на цигла“, ми рече еднаш.

„А ти спиеш на облак“, му реков јас. Тогаш ме бакна, нежно и ме бакнуваше долго.

Откако тие си заминаа, во текот на тие црни, црни месеци кога не можев да се одлепам од чаршавите, полека се превртував од едниот крај на другиот, туткајќи ја постелнината околу себе.

На овој кат има и една голема гостинска соба со сопствен тоалет.

*Трет кат:* на времето тука се наоѓале собите на домашните помошници, а сега собата на Оливија и уште една гостинска соба. Некои вечери ја демнам нејзината соба како дух. Некои денови стојам до вратата, набљудувајќи го бавното леткање на прашинките на сонцето. Некои недели воопшто не се качувам на третиот кат и почнува да ми се претопува во меморијата, исто како и сеќавањето на тоа како е кога ти ја врне кожата.

Како и да е... ќе разговарам со нив пак утре. Во меѓувреме, ги нема веќе луѓето отспротива.

## Среда, 27-ми октомври

## Четврта глава

Слабичок тинејџер излетува низ вратата на куќата број 207 и се стрчува по улицата, поминува баш покрај моите прозорци. Не успевам убаво да го видам - се разбудив рано откако синоќа легнав доцна бидејќи го гледав *Излезени од минатото,* па сега се трудам да решам дали би било мудро да пивнам една голтка вино; но успевам да видам дека носи ранец на едното рамо и дека косата му е руса. И го снемува.

Земам една чаша, одам горе, се сместувам на моето биро. Посегнувам по мојот Никон.

Во кујната на 207 го гледам таткото, крупен и со широки раменици, осветлен одзади од телевизорот. Можам да се симнам долу, па и јас да го пуштам телевизорот, да гледам заедно со соседот. Или можам да гледам одовде, на неговиот телевизор, низ објективот.

Се решавам за втората опција.

Одамна не сум ја видела фасадата, но има опција на Гугл за гледање на куќите од улиците, па знам дека е од бел камен, со бледи кафени рабови и мала кула на кровот. Одовде, јас можам да го видам само страничниот дел од куќата; низ прозорците на источна страна, чисто гледам во кујната, салонот на првиот кат и спалната над него.

Вчера дојдоа луѓе со комбе за селење, долго вадеа софи и телевизори и фотељи. Сопругот им даваше инструкции. Не сум ја видела жената од вечерта кога се вселија. Се прашувам како изгледа.

Се подготвувам за играње шах попладнево кога го слушам ѕвончето. Се симнувам долу, ја отклучувам вратата во ходникот и таму го наоѓам кирацијата. Згоден е, со долгнавесто лице, длабоки очи, мистериозни и темни. И не сум единствената што го мисли тоа. Сум забележала дека Дејвид често има пријателки на гости. Односно, сум слушнала.

„Ќе одам во Бруклин вечер“, ми вели.

Си поминувам со рака низ косата. „Добро“.

„Да не ти треба помош за нешто пред да одам?“ Ова звучи како непристоен предлог, како фраза од црно-бел филм. *Само спој ги усните и шмукај.*

„Не фала, не ми треба ништо“.

Погледнува околу мене, подзамижува со очите. „Да не треба да се смени некоја сијалица? Темно ти е овде“.

„Сакам придушена светлина“, велам. „Па...“ Не сум сигурна што точно да му кажам. Убаво да си поминеш? Имај многу секс? „...убаво да си поминеш“.

Се врти.

„Знаеш дека можеш да влегуваш низ вратата што ги спојува подрумот и приземјето“, му велам трудејќи се да звучам ведро. „Голема е веројатноста дека ќе ме најдеш дома“. Се надевам дека ќе се насмевне. Живее овде веќе два месеци, а ниту еднаш не сум го видела да се исклешти.

Тој само кима.

Заминува.

Ја затворам вратата и двапати заклучувам.

Се гледам на огледалото. Брчки како тенки пајажини околу моите очи. Густа темна коса, прошарана овде-онде со по некое сиво влакно, пуштена на моите раменици; подникнати влакна на моите пазуви. Стомакот ми е омлитавен малку. На моите бедра има ситни испакнатини и дупчиња. Кожата ми е речиси нездраво бледа, се гледаат виолетови вени на моите раце и нозе.

Дупчиња, испакнатини, подникнати влакна, брчки: треба да се работи на мене. Бев привлечна порано, барем според некои луѓе, според Ед. „Мене отсекогаш си ми личела на некоја секси, безопасна девојка од маало“, ми рече тажно кон крајот.

Погледнувам надолу во моите ножни прсти голи на плочките - долги и убави, една (или десет) од моите подобри карактеристики, но малку предаторски во моментов. Буричкам низ шкафчињата полни со кутичиња од апчиња и наоѓам една грицкалка. Конечно проблем што можам да го решам.

## Четврток, 28-ми октомври

## Петта глава

Вчера излезе имотниот лист. Моите нови соседи се Алистер и Џејн Расел; платиле 3,45 милиони за нивното скромно живеалиште. Гугл ми открива дека тој е партнер во консултантска фирма што претходно имала седиште во Бостон. Таа со такво често име е тешка за проверување на интернет - нема шанси да откријам нешто повеќе вака.

Имаат одбрано жива населба.

Домот на Милерови отспротива - каде што љубовта оди да умира - е една од петте куќи што можам да ги набљудувам од мојата. Источно од нив се наоѓаат двете идентични Сиви Сестри: со исти корнизи на прозорците, исти темнозелени врати. Во десната Сива Сестра долги години живеат Хенри и Лиса Васерман; „Подолго од четири декади“, се пофали госпоѓата Васерман кога се вселивме ние. Таа намина да ни каже („во лице“) колку нејзе и на (мој Хенри) не им се допаѓало тоа што дошол „уште еден модерен клан“ во она што порано било „вистински соседство“.

Ед чадеше од уши. Оливија ја нарече полнет зајак.

И Васерманови немаат прозборено со мене од тогаш, иако сега сум сама, клан за себе. Имам впечаток дека не се ништо попријателски настроени ни кон луѓето што живеат во другата Сива Сестра, семејство кое, соодветно, има презиме Греј[1]. Тинејџерки близначки, татко што е партнер во фирма и мајка што е член на клуб на читатели. Нивниот клуб на читатели месецов ја чита *Мрачната Џуд.* Или барем така пишува на страницата на интернет каде што се договараат. Моментално се собрани во дневната соба на домаќинката Греј, осум средовечни жени.

1 Во буквален превод сиво, сива боја

И јас ја прочитав книгата, замислувајќи си дека сум дел од нивната група, јадејќи торта со вкус на кафе (иако не беше најпрактично) и пиејќи вино (со ова се снаоѓав). „Што мислиш за Џуд, Ана?“ би ме прашала Кристин Греј и јас би рекла дека ми е некако многу мрачна. Сите би се насмеале. Впрочем, тие се смеат и сега. Се обидувам да се смеам со нив. Пивнувам.

Западно од Милерови живее семејството Такеда. Сопругот е Јапонец, мајката бела, а нивниот син вонземски убав. Тој е челист; во топлите месеци вежба со отворени прозорци, па Ед имаше обичај да ги отвора и нашите. Една летна вечер танцувавме на мелодија од Бах; нишајќи се во кујната, мојата глава на неговото рамо, неговите прсти на долниот дел од мојот грб додека момчето од другата страна на улицата свиреше.

Ова лето, неговата музика доаѓаше кон куќата, и приоѓаше на мојата дневна соба, културно чукаше на стаклото: *Пушти ме да влезам.* Но не ја пуштив, не можев - јас никогаш не ги отворам прозорците, никогаш - но сепак можев да ја чујам како мрмори, како моли: *Пушти ме. Отвори ми!*

Куќата број 206-208 е двојна лепенка веднаш до куќата на семејството Такеда. Ја купи една фирма пред две години, но никој не се всели. Загатка. Скоро цела година на фасадата беше потпрено едно скеле; исчезна преку ноќ - ова беше неколку месеци пред да заминат Ед и Оливија - и оттогаш, ништо.

И на крајот, мојата јужна империја и нејзините поданици. Никој од овие луѓе не ми беше пријател; најголемиот дел од нив не сум ги сретнала повеќе од еднаш или двапати. Претпоставувам дека тоа ти е урбаниот живот. Можеби госпоѓата Васерман до некаде беше во право. Се прашувам дали тие знаат што стана од мене.

Источно од мојата куќа има едно напуштено католичко училиште, практично залепено: свети Димфна, затворено е уште откако се доселивме. Кога Оливија не беше умна, ѝ се закanuвавме дека ќе ја пратиме таму. Ѕидовите му се од кафен камен, прозорците валкани и

темни. Или барем колку што се сеќавам; одамна не сум го видела.

И директно западно е паркот - минијатурен, со тесна бетонска патека што ја поврзува нашата улица со паралелната од неа северно. Од двете страни на паркот стража чува по едно високо дрво, а одоколу има ограда од ковано железо, ниска скоро до земја.

И тука е куќата зад паркот: број 207. Лордови ја продадоа пред два месеци и брзо се отселија, двајцата отидоа во пензија и летнаа во нивната вила во Веро Бич. На нивно место дојдоа Алистер и Џејн Расел.

Џејн Расел! Мојата физиотерапевтка немаше слушнато за неа. „Исто како актерката од *Господата преферираат блондинки*", реков.

„Не по мое искуство", одговори таа. Бина е помлада; можеби затоа името не ѝ беше познато.

Муабетов беше денес; пред да успеам да почнам да се расправам со неа ми ја префрли едната нога преку другата и ме приклешти на десната страна. Болката ме остави без здив. „На твојата тетива ѝ треба ова", ме уверуваше.

„Кучко една!" офнав.

Ми го притисна коленото кон подот. „Не ме плаќаш за да те тинтрам".

Направив гримаса. „А може ли да ти платам да си одиш?"

Бина доаѓа еднаш неделно да ми помага да го мразам животот, како што велам јас, и да ме известува за нејзините сексуални авантури, кои горе-долу се подеднакво возбудливи како и моите. Само во нејзиниот случај затоа што е страшно пребирлива. „Пола од мажите на овие сајтови користат фотографии од пред пет години", знае да се пожали со долгата коса префрлена преку едно рамо. „А другата половина се женети. А *другата* половина се сингл со причина".

Тоа се три половини, но не се дискутира за математика со некој што ти го ротира 'рбетот.

Се регистрирав на Тиндер пред месец дена, демек „чисто да видам" што се случува.

Бина ми објасни дека Тиндер те поврзувал со луѓе со кои ви се вкрстуваат патиштата. Но што ако патиштата не ти се вкрстуваат со никој? Што ако ти постојано се движиш во истите 370 вертикално распоредени квадрати и ништо подалеку од нив?

Не знам. Првиот профил што го видов беше на Дејвид. Веднаш го избришав профилот.

Поминаа четири дена од последниот пат кога ја видов Џејн Расел. Дефинитивно нема пропорции како оригиналната Џејн, со градите како торпедо и тенкиот струк, но немам ни јас. Синот го видов само тогаш еднаш, вчера сабајлето. Но мажот - со широки раменици, дебели веѓи, остар нос - постојано го гледам низ куќата: мати јајца во кујната, чита во дневната соба, повремено погледнува накај спалната, како да бара некого.